И2319

ВЕЧЕР, Ск. 18.1.1996, 10079, 10.



ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРА ВО ВЛАДИНА ПРОЦЕДУРА

# ИМЕНУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ

**● СПОРЕД ПРЕДЛОГОТ, КУЛТУРАТА, ПОТЕНЦИРАНА КАКО ДЕЈНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС, ЌЕ СЕ ОСТВАРУВА НИЗ ИНСТИТУЦИИ ОД ДРЖАВЕН, ЛОКАЛЕН И ПРИВАТЕН КАРАКТЕР ● ПРАВИЛА НА ИГРА ВО ОДНОС НА УСВОЈУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ, ФИНАНСИРАЊЕТО, ПЛАТИТЕ...**

**Законот за култура во варијанта на Предлог за донесување, од просториите на Министерството за култура, како негов изготвувач, стаса и до Владината процедура. Во меѓувреме, без оглед на инсистирањето на Министерството за култура, особено на сктуелниот министер, патот на Законот до неговата конечна и изгласана верзија да мине во најголема дискреција, на им беше даден само на малкумина повластени од областа на културата, со помош на шапилографот стаса во многу раце и веќе предизвикува и прашалници и дилеми.**

Меѓутоа, најважно е дека Законот за култура ќе ги регулира и начелата и целите на културната политика, мерките за развојот на културата мерилата и критериумите за остварување на културата и стандардите во кои ќе се остварува културата. А сето ова, практично ќе биде и во зависност од облиците во кои ќе бидат сместени институциите што се занимаваат со дејност од културата. Има предлог културата за која што е потенцирано дека (неспорно) е од јавен интерес, да се остварува низ институции од државен, локален и индивидуален (приватен) карактер, односно интерес.

**Значи: Законот за култура едновремено ќе ја регулира државната програма за култура што (ќе) ја донесува Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата, за период од пет години (има алтернатива и три години), а неа пак ќе ја прави Совет за култура, стручно советодавно тело составено од „истакнати научни и јавни работници и творци од областа на културата со претставници од МАНУ“. Овој Совет ќе биде и оценувач за остварувањето на Програмата, но може да ги оценува и состојбите во културата. Меѓу „валоризаторите“ во извршувањето на задачите на Министерството за култура (со посебен член) е предвидена дека и министерот за култура може да основа стручни советодавни тела.**

И уште една новина во Законот, тоа е основањето на Комора на културата, (која ќе има право на учество во предлогот на членови за Советот) која ќе ги заштитува интересите на т.н. приватен сектор.

**Законот во посебна глава (оддел) ги обработува прашањата на финансирањето, во моментов најголемата главоболка и какафонија од недоумици кој, зошто, како и колку треба (и зема) од ист куп – државата! Во предлогот на Законот се предвидува: финансирање од републичкиот буџет (за институциите од државен интерес), од буџетот на локалната самоуправа, потоа и од фондови, фондации, легати, подароци, донации, но и од продажба на производи и услуги што произлегуваат од вршењето на дејноста, како и со обзбедување кредити под поволни услови. А многу јасно (и децидно) е кажано (предложено) дека со средствата од републичкиот буџет ќе располага министерот за култура кој, пак пред Владата и Советот за култура програмата за наредната година треба да ја достави во декември претходната, а потоа средствата ќе се доделуваат врз база на усвоените годишни програми, се разбира кога се во прашање јавните (државните) установи! Но, меѓу одредбите постои и флексибилност дека од државата ќе може да се добиваат пари и преку институцијата – конкурс од разни области на делување.**

И уште една сега многу болна точка: платите! Тие во државните институции ќе се градат на принцип звања што ќе ги валоризираат државни комисии именувани од министерот за култура! Звањето, според Законот, не е вечно, и ќе се преиспитува „секоја втора, односно секоја четврта година“ по пат на реаудиција.

Има и посебна глава за правилата на игра во раководењето со институциите, а во културата се воведува и институцијата инспектори на културата!

**Ц. Зојчевска**

## ДРЖАВНИ УСТАНОВИ

Предлог – законот за култура со име и презиме ги идентификува државните јавни установи.

Така, државни установи за заштита и користење на културното богатство се **Музеј на Македонија (Археолошки, Етнолошки и Историски), Природонаучен музеј на Македонија, Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ и Кинотеката на Македонија**, додека за недвижното културно наследство тој статус ќе го има **Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата.** Музеите, заводите и библиотеките ќе работат како единици на овие установи.

Во сценско – уметничката дејност државни јавни установи би биле: **Македонскиот народен театар, Театарот на народностите (со предлог за негова трансформација во три посебни – Албански, Турски и Ромски театар) Театарот за деца и младинци, Македонската филхармонија, Ансамблот „Танец“, ансамблот „Емин Дураку“, (во алтернатива и Драмскиот театар.)**

**Музејот на современата уметност** е единствената предвидена државна установа за јавно презентирање на уметнички дела од современата уметност, (со галериите низ Републикава како работни единици), а има алтернативен предлог и за **Уметничката галерија „Скопје“.**

Со статус на државни установи од манифестациите се набележани **Охридско Лето и Струшките вечери на поезијата.**

Дел од другите манифестации, **Светската галерија на карикатури, Фестивалот „Браќа Манаки“, Балканскиот фолклорен фестивал, Театарските игри „Војдан Чернодрински“, ФААТ во Кочани и „Ин Виница Виритас“ ќе бидат организирани од посебна државна установа – Дирекција за култура и уметност во Македонија** (која допрва треба да формира) и во која како посебни единици ќе егзистираат културно – просветните заедници и „Универзалната сала“ во Скопје.

Филмската државна установа ќе биде **„Вардар – филм“**, за јавно прикажување на аудиовизуелни дела ќе биде формирана посебна јав-установа, исто како и посебна установа за домовите на културата.